СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 11 декември 1995 Скопје
Број 60 Год. LI

Претплатата за 1995 година изнесува 5.000 денари. Овој број чини 300 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1579.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АЕРОДРОМОТ „СКОПЈЕ“

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој за реализација на Проектот за реконструкција на Аеродромот „Скопје“,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 декември 1995 година.

Број 08-4084/1
7 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

ЗАКОН
ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АЕРОДРОМОТ „СКОПЈЕ“

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со кредит во износ од 17.806.000 ДЕМ, за реализација на Проектот за реконструкција на Аеродромот „Скопје“.

Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон се утврдуваат со Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој.

Во име на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Кредитот од член 1 на овој закон ќе се отплатува во 13 полугодишни рати, од кои првата рата пристигнува на 12 јануари 1998 година со примена на каматна стапка ЛИБОР зголемена за еден процентен поен, со користење на заштитни механизми карактеристични за Европската банка за обнова и развој.

Член 4

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува од средствата што ќе се остварат од наплата на таксите за слетување и користење на маневарските површини.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

1580.

Врз основа на член 136 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 38/91 и 46/93) Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 ноември 1995 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗДРАВСТВЕН ДОМ – ПЕХЧЕВО

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом – Пехчево, што го донесе Управниот одбор на Здравствениот дом, на седницата одржана на 2 октомври 1995 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–3985/1
29 ноември 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1581.

Врз основа на член 136 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 38/91 и 46/93) Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 ноември 1995 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ГРАДСКА АПТЕКА „16 ЈУНИ“ – КАВАДАРЦИ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Јавната здравствена организација Градска аптека „16 јуни“ – Кавадарци, што го донесе Управниот одбор на Аптеката, на седницата одржана на 15 септември 1995 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3984/1
29 ноември 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1582

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 51/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОТВОРАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШПАНИЈА СО СЕДИШТЕ ВО МАДРИД

Член 1

Република Македонија отвора Генерален конзулат во Шпанија на чело со почесен конзул, со седиште во Мадрид.

Член 2

Конзуларното подрачје на Генералниот конзулат на Република Македонија ќе биде целокупната територија на Шпанија.

Член 3

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2903/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

1583.

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 51/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ бр, 38/90), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШПАНИЈА

Член 1

За почесен генерален конзул на Република Македонија во Шпанија се именува Хусто Хорхе Падрон, писател и поет од Шпанија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3004/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

1584.

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 51/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ОТВОРАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ЛИОН

Член 1

Република Македонија отвора Генерален конзулат во Република Франција на чело со почесен конзул, со седиште во Лион.

Член 2

Конзуларното подрачје на Генералниот конзулат на Република Македонија ќе биде целокупната територија на Република Франција.

Член 3

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2901/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1585.

Врз основа на член 91, став 1, алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ бр. 51/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА

Член 1

За почесен генерален конзул на Република Македонија во Република Франција се именува д-р Ролан – Мари Бернар, поранешен сенатор и претставник на сенаторската група за пријателство во Сенатот на Франција.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3001/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1586.

Врз основа на член 18 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ“ бр. 50/88, 80/89, 29/90 и 11/91), кој со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е преземен како републички закон, член 21 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ бр. 15/80, 26/80, 18/82, 13/86, 28/88, 27/90, 10/90 и 11/91), и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Одлуката за утврдување на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 54/94), се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во точката 1 под А) магистрални патишта:

Во М-3 после зборот „Скопје“ се додаваат зборовите (Момин Поток)

Во М-5 после зборовите „со крак за Битола“ се додаваат зборовите („Крстосница Кукуречани“)

Во М-6 после зборот „Штип“ се додаваат зборовите „(врска со М-5)“

Точката 1 под Б) регионални патишта се менува и гласи:

Р-101 Граница со Србија (Табановце) – Куманово – Скопје (врска со Р-103)
Р-102 Куманово (пресек со М-1) – Липково – Матејче
Р-103 Скопје (врска со Р-101) – Катланово – Титов Велес – Неготино – Гевгелија (врска со М-1), со крак за Катлановска Бања
Р-104 Јурумлери (врска со Р-103) – Драчево – Нова Брезница – Брана „Козјак“ – Растеш – Калуѓерец – Суводол (врска со Р-513)
Р-105 Катланово (врска со Р-103) – Свети Николе – Овче Поле (врска со М-5)
Р-106 Градско (врска со М-1) – Прилеп – Битола – Макази (врска со Р-505)
Р-107 Лакавица (врска со М-6) – Неготино – Дреново (врска со Р-106)
Р-108 Росоман (врска со Р-106) – Кавадарци – Мушов Гроб (врска со Р-109)
Р-109 Демир Капија (врска со Р-103) Витолиште – Лагово (врска со М-5) со крак за Михаилово
Р-110 Давидово (врска со Р-103) – Удово – Раброво (врска со Р-604)
Р-111 Гевгелија (врска со Р-103) – Богданци – Фурка (врска со Р-604)
Р-112 Гевгелија (врска со Р-103) – Моин – Конско – Смрдлива Вода (врска со Р-109)
Р-113 Неготино (врска со Р-107) – Долни Дисан – (врска со Р-109)
Р-114 Врска со Р-106 – Беловодица – Дуње (врска со Р-109)
Р-115 Ново Лагово (врска со Р-106) – Галичани – Кадино Село – Обршани (врска со Р-512)
Р-116 Марвинци (врска со М-1) – Брајковци – врска со Р-110
Р-117 Драчево (врска со Р-104) – Зелениково
Р-118 Р'жаничино (врска со Р-103) – Горно Коњаре – Пчиња – врска со Р-201
Р-201 Куманово (врска со М-2) – Свети Николе – Кадрифаково – (врска со М-5)
Р-202 Врска со М-2 – Пелинце – граница со Србија
Р-203 Врска со Р-202 – Жегљане – Рамно-граница со Србија
Р-204 Ранковце (врска со М-2) – Герман
Р-205 Крива Паланка (врска со М-2) – Осиче – Огут – граница со Србија
Р-206 Врска со М-2 – Кратово – Пробиштип – врска со М-5
Р-207 Крива Паланка (врска со М-2) – Голема Црцорија – Луке – граница со Србија
Р-208 Врска со М-2 – Тораница – Македонска Каменица (врска со М-5)
Р-209 Врска со М-2 (Руѓинце) – Коњух – Секулица – врска со Р-206
Р-210 Свети Николе (врска со Р-201) – Мечкуевци – Пуздерци – Неокази (врска со Р-206)
Р-211 Бучиште (врска со Р-206) – Злетово – Лесново
Р-212 Куманово (врска со Р-201) – Страцин – Ранковце
Р-301 Стенковец (врска со М-3) – Бродец – Танушевци
Р-402 Сарај (врска со М-4) – Групчин – Тетово – Пирок – Гостивар (врска со М-4)
Р-403 Ѓорче Петров (врска со М-4) – Јегуновце – Теарце (врска со Р-405)
Р-404 Гостивар (врска со М-4) – Чегране – Тетово (врска со Р-402)
Р-405 Тетово (врска со Р-402) – Вратница – граница со Србија (Јажинце)
Р-406 Тетово (врска со Р-402) – Попова Шапка
Р-407 Желино (врска со М-4) – Јегуновце (врска со Р-403)
Р-408 Гостивар (врска со Р-404) – Србиново
Р-409 Врска со М-4 – Маврови Анови – Дебар – граница со Република Албанија (Блато)
Р-410 Мелнички мост (врска со Р-409) – Папрадник – Брештани
Р-411 Дебар (врска со Р-409) – Бањиште
Р-413 Маврови Анови (врска со Р-409) – Маврово – Бунец (врска со Р-409)
Р-414 Маврово (врска со Р-413) – Галичник со крак за Селце – Осој (врска со Р-415)
Р-415 Бошков Мост (врска со Р-409) – Извор (врска со М-4), со краци за Гари и Лазарополе
Р-416 Другово (врска со М-4) – Демир Хисар – Кукуречани врска со М-5
Р-417 Ботун (врска со М-4) – Брежани – Железнец (врска со Р-416)
Р-418 Струга (врска со М-4) – Дебар (врска со Р-409)
Р-419 Струга (врска со Р-418) – Дрслајца – Долно Татеши – Локов
Р-420 Охрид (врска со Р-501) – Подмоље – Струга – Радожда
Р-421 Кичево (врска со М-4) – Осломеј – Туин
Р-422 Врска со Р-418 – Јабланица – граница со Р. Албанија
Р-501 Охрид (врска со М-5) – Свети Наум – граница со Р. Албанија
Р-502 Ресен (врска со М-5) – Царев Двор (врска со Р-503)
Р-503 Макази (врска со Р-505) – Царина – граница со Р. Албанија (Стење)
Р-504 Царина (врска со Р-503) – Трпејца (врска со Р-501)
Р-505 Макази (врска со М-5) – Љубојно – граница со Р. Грција
Р-506 Битола (врска со крак на М-5) – Ниже Поле – Пелистер – Љубојно (врска со Р-505)
Р-507 Врска со М-5 – Ротино – детско одморалиште – Бегова Чешма
Р-508 Битола (врска со крак на М-5) – Бистрица – Драгош
Р-509 Битола (врска со Р-106) – Новаци – Маково – (врска со Р-109)
Р-510 Мегитлија (врска со М-5) – Гермијан – Старавина – Витолиште (врска со Р-109)
Р-511 Маково (врска со Р-509) – Рапеш – Старавина (врска со Р-510)
Р-512 Ропотово (врска со Р-513) – Кривогаштани – Демир Хисар (врска со Р-416)
Р-513 Прилеп (врска со Р-526) – Македонски Брод – Кичево (врска со М-4)
Р-514 Стари Град (врска со Р-526) – Богомила – Ропотово (врска со Р-513)
Р-515 Врска со Р-526 – Чашка – Лисиче – Дреново
Р-516 Прилеп (врска со Р-526) – Крушево – Сладуево (врска со Р-416)
Р-517 Крушево (врска со Р-516) – Пуста Река – Пространье (врска со Р-416)
Р-518 Кочани (врска со М-5) – Плачковица – Радовиш – врска со М-6
Р-519 Кочани (врска со М-5) – Пониква
Р-520 Тработиште (врска со Р-523) – Разловце – Митрашинци (врска со Р-527)
Р-521 Врска со М-5 – Бигла – Трсино – врска со Р-527
Р-522 Делчево (врска со М-5) – Голак
Р-523 Делчево (врска со М-5) – Смојмирово – Дабиле (врска со М-6)
Р-524 Берово (врска со Р-523) – граница со Р. Бугарија (Клепало)
Р-525 Пехчево (врска со Р-523) – граница со Р. Бугарија (Ајдучки Кладенец)

Р-526 Врска со М-6 – Ново Село – Кадрифаково (врска со М-5) – Крива Круша (врска со М-5) – Титов Велес – Извор – Прилеп (врска со Р-106)
Р-527 Превалец (врска со М-5) – Виница – Митрашинци – Смојмирово (врска со Р-523)
Р-528 Виница (врска со Р-527) – Градец – Плачковица
Р-529 Истибања (врска со М-5) – Калиманци – врска со Р-521
Р-530 Врска со М-5 Кривени – Слоештица – врска со Р-416
Р-601 Штип (врска со Р-526) – Плачковица
Р-602 Врска со М-6 – Драгоево – Степанци – Гарван – Конче – Рич – Врска со Р-604
Р-603 Радовиш (врска со Р-518) – Подареш – Владимирово – Берово (врска со Р-523)
Р-604 Струмица (врска со М-6) – Раброво – Дојран – граница со Грција, со крак за Вељуса
Р-605 Куклиш (врска со Р-604) – Банско – Н. Коњарево врска со М-6
Р-606 Радовиш (врска со М-6) – Конче (врска со Р-602)

2. По точката 2 се додава нова точка 3 која гласи:

„Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на регионалните патишта на СР Македонија („Службен весник на СРМ“, број 48/82), а Одлуката за определување на магистралните патишта („Службен лист на СФРЈ“ бр. 44/78 и 5/80), престанува да се применува во Република Македонија“.

Точката 3 станува точка 4.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-2790/1
20 ноември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1587.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“, број 20/93), Владата на Република Македонија, донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија а се увезува без плаќање царина за потребите на Министерството за правда и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
84.71		Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за препишување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место:	
	8471.9	– Друго	
	8471.91	-- со дигитални централни единици, испорачани посебно или како дел од систем, вклучувајќи и дигитални централни единици кои во исто куќиште имаат една или две од следните видови единици: меморискиединици, влезни единици, излезни единици:	
	8471.912	--- со процесор со 32 и повеќе бита	
		а) дигитална централна единица со 32 бита	1 парче
	8471.92	-- влезни и излезни единици, испорачани посебно или како дел од систем, вклучувајќи влезни и излезни единици што во исто куќиште имаат и мемориски единици:	
	8471.923	--- ласерски печатачи, единици за цртање (плотери), за снимање на филм или за фотокопирање	
		а) ласерски печатар	1 парче
84.73		Делови и прибор (освен покривачи, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тарифен број 84.69 до 84.72:	
	8473.30	- Делови и прибор на машини од тарифен број 84.71:	
	8473.302	---печатени плочи со вградени елементи	1 парче

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 23-3002/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

1588.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“, бр. 20/93), Владата на Република Македонија, донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија, а се увезува без плаќање царина за потребите на Министерството за сообраќај и врски – Дирекција за цивилна воздушна пловидба – Одделение за контрола на летање и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
85.25		Предаватели за радиотелеграфија, радиотелефонија, радиодифузија или телевизија, вклучувајќи и со вграден приемник или апарат за снимање или репродукција на звук, телевизиски камери:	
	8525.20	– Предаватели со вграден приемник	3 парч.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3003/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1589.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опрема која не се произведува во Република Македонија, а се увезува без плаќање царина за потребите на Министерството за наука и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
42.02.		Ковчези, куфери, несесери, аташекуфери, актен-чанти, школски чанти, футроли за наочари, футроли за двогледи, футроли за фотоапарати, футроли за музички инструменти, футроли за пушки, футроли за пиштоли и слични контејнери, патни торби, тоалетни торби, ранци, женски чанти, торби за купување, портмонеа за банкноти, портмонеа за метални пари, футроли и корици за мапи или документи, табакери, кеси за тутун, торби за алат, спортски торби, обвивки за пишување, кутии за накит, кутии за пудра, кутии за прибор за јадење и слични контејнери, од кожа, од вештачка кожа, од фолии од пластични маси, од текстилни материјали, вулканфибер или од картон или целосно или претежно преслечени со овие материјали или хартија:	
	4202.1	– Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични контејнери:	
	4202.19	-- друго	
		а) изработка на преносен комплет чанта Солидекс	1 парче
84.71		Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за препишување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место:	
	8471.20	– Дигитални машини за автоматска обработка на податоци, што во исто куќиште имаат најмалку една централна единица како и една влезна единица и една излезна единица или една комбинирана влезно-излезна единица:	
	8471.209	-- друго	
		а) Пинг Пед 360,2620 ТФТТП 360Ц 4С х 33 МБ БАсе (ТФТ) и 486 СЦ – 33/4 МБ/1, 44 МБ	
		б) Хард диск 170 МБ	
		в) Систем ОС/2 прелоад УКЕ	
		г) Меморија 12 МБ (4 МБ БАСЕ + 8 МБ ЦАРД)	1 парче
	8471.9	– Друго:	
	8471.92	-- влезни и излезни единици, испоračани посебно или како дел од систем, вклучувајќи влезни и излезни единици што во исто куќиште имаат и меморски единици:	
	8471.921	--- линиски и сериски печатачи	
		а) штампач матричен	
		– печатач Цитизен	1 парче
85.18		Микрофони и нивни стативи: звучници, вклучувајќи и звучници во звучни кутии; наглавени слушалки, слушалки за едно уво и комбинации со микрофон:	
	8518.30	– Наглавени слушалки, слушалки за едно уво и комбинации со микрофон	
		а) Слушалки со микрофон	
		– Акустичен Каплер ЦП + ТЕЛЕЦОУ-ПЛЕР 2	2 парч.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2933/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1590.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“, бр. 20/93), Владата на Република Македонија, донесе

РЕШЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија, а се увезува без плаќање царина за Министерството за правда и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
85.31		Електрични апарати за звучна или визуелна сигнализација (на пр. звона, сирени, индикаторски табели, алармни апарати за заштита од кражба или пожар), освен оние од тар. бр. 85.12 и 85.30:	
	8531.80	– Други апарати	
		а) метал детекторски врати	22 парч.
85.43		Електрични машини и апарати со посебни функции, неспомнати ниту опфатени на друго место во оваа глава:	
	8543.80	– Други машини и апарати:	
	8543.809	--- друго	
		а) рачни метал детектори	24 парч.
		б) скенер детектор за поштенски пратки	1 парче

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-3005/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1591.

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата донесе

Р Е Ш Е Н И Е ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опрема која не се произведува во Република Македонија, а се увезува без плаќање царина за потребите на Министерството за наука и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
49.01		Печатени книги, брошури, летоци и слични печатени материјали, вклучувајќи и слободни листови:	
	4901.9	– Друго:	
	4901.99	– – Друго:	
	5901.991	– – – книги печатени	

1	2	3	4
		на јазици на народите и народностите и на странски јазици	2 комплета
84.71		Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за препишување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место:	
	8471.9	– Друго	
	8471.91	– – дигитални централни единици, испорачани посебно или како дел од систем, вклучувајќи и дигитални централни единици кои во исто куќиште имаат една или две од следните видови единици: мемориски единици, влезни единици, излезни единици:	
	8471.912	– – – со процесор со 32 и повеќе бита а) централна процесорска единица со процесор со 32 и повеќе бита	1 парче
	8471.92	– – влезни и излезни единици, испорачани посебно или како дел од систем, вклучувајќи влезни и излезни единици што во исто куќиште имаат и мемориски единици:	
	8471.926	– – – комплетни електронски тастатури:	
	8471.9261	– – – со подвижни пипки а) тастатура	1 парче
	84.71.927	– – – читачи на документи, ознаки и уреди за внесување на податоци од цртежи а) читачи на документи	1 парче
85.24		Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни и други слични феномени вклучувајќи и галвански отпечатоци за производство од глава 37:	
	8524.90	– Друго	
	8524.901	– – – со научен и стручен текст	2 комплета

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2932/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1592.

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за здравствена заштита на животните („Службен весник на РМ" бр. 30/77, 39/77, 41/78, 28/87, 51/88, 20/90, 28/91 и 83/92), министерот за земјоделство, шумрство и водостопанство донесува

НАРЕДБА
ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ОД ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ ВО 1996 ГОДИНА

I

Според одредбите на оваа наредба во 1996 година ќе се организираат и спроведуваат потребните мерки за спречување, откривање/дијагностицирање/ и сузбивање на следните заразни и паразитски болести:

1. Антракс – црн пришт, бедреница
2. Атипична чума кај живината
3. Аујецкиева болест
4. Белодробна стронгилоза кај овците и желудечно-цревна стронгилоза кај говедата и овците
5. Беснило
6. Бруцелоза
7. Гангренозно воспалените на вимето кај овците
8. Генитална кампилобактериоза
9. Ензоотска леукоза кај говедата
10. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата
11. Ехинококоза
12. Инфективна анемија кај коњите
13. Инфективен бронхит кај живината
14. Метилавост
15. Класична чума кај свињите
16. Краста
17. Лептоспироза
18. Заразно пресушување на вимето кај кравите
19. Инфективен бовин ринотрахеит – инфективен пустуларен вулвовагините (ИБР/ИПВ)
20. Заразна кривотница кај овците
21. Заразни и паразитски болести на пчелите
22. Заразни и паразитски болести на рибите
23. Пироплазмоза
24. Тифус и салмонелоза кај пернатата живина
25. Трихомонијаза
26. Туберкулоза
27. Црвеница (црвен ветар) кај свињите
28. Шушкавец

Мерки за спречување, откривање и сузбивање на други заразни и паразитски болести кај животните утврдени со Законот за здравствена заштита на животните („Сл. весник на РМ" бр. 30/77, 39/77, 41/78, 28/87, 51/88, 20/90, 28/91 и 83/92) и Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Сл. лист на СФРЈ" бр. 43/86 и 53/91 и „Сл. весник на РМ" бр. 83/92) кој со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е преземен како републички пропис, ќе се преземат доколку тие се појават или постои опасност да се појават.

II

МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА, ОТКРИВАЊЕ И ДИЈАГНОСТИЧКО ИСПИТУВАЊЕ НА ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ

1. Антракс

Во сите дистрикти на антраксот превентивна вакцинација на говедата, овците, козите и коњите против антраксот ќе се изврши во периодот од 1 април до 31 мај 1996 година според упатството на производителот на вакцината.

Како дистрикт на антраксот се подразбира подрачјето во кое во последните 20 години е установен антракс.

Животните кои во пропишаниот рок од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се приновi подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат пропишаните услови.

Превентивната вакцинација на говедата, овците, козите и коњите против антраксот ќе се изврши во сите претпријатија што се занимаваат со сточарство и се снабдуваат со фураж однадвор, ако фуражот потекнува од дистрикт на антраксот, односно кога не се знае неговото потекло.

Заради сузбивање и искоренување на антраксот кај животните се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на бедреницата кај животните („Службен лист на СФРЈ“ бр. 39/88).

2. Атипична чума кај живините

Превентивна вакцинација на живината против атипичната чума (Њукастл-болст) задолжително ќе се врши на целата територија на Републиката два пати годишно, според планот на ветеринарната станица.

Вакцинацијата ќе се врши од 1 март до 31 мај 1996 година прв пат, и од 1 септември до 30 ноември 1996 година втор пат со мезогени или лентогени „Ла сота“ соеви на вирусот и тоа парентерално, окуло назално или со распрскување – спреј апликација (ако постојат услови за тоа).

Во населените места што се граничат со живинарски фарми, ќе се изврши трикратна вакцинација со лентигени соеви.

Пернатата живина и пернатата дивеч во претпријатијата со организирано интензивно производство, мораат да се вакцинираат против атипичната чума кај живината, периодично и континуирано, според возраста на живината, така да се обезбеди солиден, траен имунитет.

Успехот на вакцинацијата се контролира со серолошко испитување кое е составен дел на имунопрофилаксата.

Заради сузбивање и искоренување на Њукастл-болеста кај пернатата живина, ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на Њукастл-болест кај пернатата живина („Службен лист на СФРЈ“ бр. 39/88).

3. Аујецкиева болест

Во 1996 година ќе се изврши вакцинација против Аујекциевата болест на сите свињи и прасиња во приватните и општествените свињарски фарми во кои оваа болест била утврдена во 1995 година и порано, како и во свињарските фарми каде ќе биде утврдена во 1996 година. Вакцинацијата на мајките мора да се изврши најмалку 14 дена пред прасењето.

4. Белодробна стронгилоза и желудечно цревни паразити кај овците и козите

Од сите стада говеда и овци во општествените претпријатија како и од сите стада овци и говеда кај индивидуалните сточари во населените места во кои постои сомнение дека овците и говедата се заразени со белодробна стронгилоза, односно со желудечно-цревни паразити ќе се зема материјал за лабораториско испитување.

Заради сузбивање и искоренување на овие паразитски (инвазиони) болести ќе се преземат соодветни ветеринарно-санитарни мерки.

5. Беснило

Превентивна вакцинација против беснилото на кучињата постари од 4 месеци ќе се изврши на целата територија на Републиката во периодот од 3 јануари до 31 март 1996 година.

Вакцинација ќе се врши со антирабична вакцина регистрирана за употреба во Република Македонија.

Кучињата од племенити раси и мачки можат да се вакцинираат со инактивирана вакцина.

Кучињата кои до 31 март 1996 година немаат 4 месеци возраст односно кучињата кои во текот на годината ќе достигнат возраст од 4 месеци и новонабавените кучиња кои не се порано вакцинирани мораат да се вакцинираат против беснило во текот на четиринаесет дена од денот кога ќе ја достигнат пропишаната возраст.

Заради сузбивање на беснилото кај животните ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на беснилото кај животните („Службен лист на СФРЈ“ бр. 39/88).

6. Бруцелоза

а) Говеда

Од сите крави, јуници, јунчиња и бикови во претпријатијата во општествена сопственост, што се занимаваат со одгледување и гоење на говеда, еднаш годишно, во периодот од 1 февруари до 31 мај 1996 година, мора да се земе крв за преглед на бруцелоза со серолошка постапка.

Крв од бикови, кои се користат за производство на семе за вештачко осеменување и природен припуст, мора два пати годишно да се прегледа на бруцелоза.

Во 1996 година ќе се земе крв за преглед на бруцелоза од сите крави, јуници, јунчиња и бикови на индивидуалните сточари во општината, според планот на ветеринарната станица.

Во периодот од 1 февруари до 30 јуни 1996 година ќе се земе крв од 1/2 од вкупниот број на животни од став 3 на оваа точка, а во периодот од 1 септември до 30 ноември 1996 година од втората половина од преостанатите животни.

Земањето на крв за преглед на бруцелоза од говедата што се гојат ќе се изврши на почетокот на гоењето.

Ветеринарните лекари се должни при секое пометнување (абортус) на крави и јунци, да достават крв за лабораториско испитување.

б) Свињи

Сите приплодни свињи во претпријатијата во општествена сопственост мораат еднаш годишно да се прегледаат на бруцелоза. Испитувањето ќе се изврши до крајот на мај 1996 година. Крвта од назимки се прегледува пред почетокот на нивното користење за приплод (припуст).

Крв од нерези, кои се користат за производство на семе за вештачко осеменување и природен припуст, мора два пати годишно да биде прегледана на бруцелоза. Еден од прегледите е пред вклучување на нерезите во приплод.

в) Овци и кози

Во периодот од 1 март до 30 јуни и од 1 септември до 30 октомври 1996 година ќе се земе крв за преглед на бруцелоза од сите овци и кози постари од 3 месеци во населените места во општините.

Сите овци и кози постари од три месеци во претпријатијата во општествена сопственост и кај индивидуалните сточари, кои одат од зимско на летно напасување, од една во друга општина, од еден во друг атар на истата општина, мораат да бидат испитани на бруцелоза 100%, што се докажува со уверението за здравствената состојба во кое се внесуваат податоците за бројот на серолошки испитаните животни, денот и резултатите од испитувањето, називот на ветеринарната организација што го извршила испитувањето и бројот на ушната маркица.

Пред испитувањето овците и козите мора да бидат трајно обележани со ушни маркици.

Ако во стадото овци и кози се утврди бруцелоза во поголем обем или ако болеста се појави во ограничени размери или ако при три едноподруги и испитувања има позитивни животни, серолошки негативните животни кои потекнуваат од позитивните стада, по претходно прибавеното мислење од Републичката управа за ветеринарство ќе се испратат на колење.

Пред употреба млекото треба задолжително да се пастеризира.

Се забранува употреба и продавање за јавна потрошувачка на пресно бело сирење и сирење кое потекнува од непастеризирано млеко.

Од сите нововнесени говеда, овци, кози и свињи за приплод и гоење во Републиката, задолжително ќе се земе крв за преглед на бруцелоза најкасно до десетиот ден од денот на нивното внесување.

Заради сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата, овците, козите и свињите ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата, овците, козите и свињите („Сл. лист на СФРЈ“ бр. 34/89).

7. Гангренозно воспаление на вимето кај овците

Од овци, болни односно носители на гангренозно воспаление на вимето, ќе се земе материјал за лабораториско испитување и врз основа на резултатот од испитувањето ќе се применат соодветни ветеринарно санитарните мерки.

8. Генитална кампилобактериоза

Брис или препуцијален испирок од бикови кои се користат за производство на семе за вештачко осеменување, мора најмалку еднаш годишно, најкасно до 31 мај 1996 година, лабораториски да се испита на кампилобактериоза. Биковите кои се користат за природен јавен припуст, мораат два пати годишно да се испитаат на генитална кампилобактериоза. Првиот преглед мора да се изврши пред нивното користење за приплод, односно користење на нивното семе за вештачко осеменување.

9. Ензоотска леукоза кај говедата

На дијагностичко испитување на ензоотска леукоза подлежат говедата што наполниле шест месеци од животот.

Дијагностичко испитување на приплодните говеда во општествена сопственост се врши еднаш годишно.

Земената крв од говедата за преглед на бруцелоза кај индивидуалните сточари, од точка 6 под а) став 3 од оваа наредба лабораториски ќе се испита и на ензоотска леукоза.

Заради сузбивање и искоренување на ензоотската леукоза кај говедата, ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на ензоотската леукоза кај говедата („Сл. лист на СФРЈ“ бр. 39/89).

Секое новооткриено леукозно говедо се испраќа на принудно колење.

10. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата

Во населените места и во општествените овчарски фарми, каде во последните пет години (1990–1995) е утврдена ентеротоксемијата кај овците и заразниот пролив кај јагнињата, како и во подрачјата и фармите во кои оваа болест ќе биде установена во текот на 1996 година ќе се изврши вакцинација на овците и јагнињата со адекватна вакцина.

11. Ехинококоза

При вакцинација на кучиња против беснило ќе се изврши дехелминтизација против Echinococcus granulosus со средство кое со еднократна или двократна апликација убива зрели и развојни форми на паразитот.

Во загрозените подрачја и кај овчарските кучиња, заради ерадикација на ехинококоза, во зимскиот период ќе се изврши трикратна дехелминтизација на кучињата. Втората дехелминтизација ќе се изврши 4–6 недели по првата и третата 4–6 недели по втората дехелминтизација.

Заради спречување на дисеминацијата на јајцата од паразитите, се обврзуваат сопствениците, најмалку 48 часа по третирањето, да ги држат своите кучиња во ограден простор, а нивниот фецес нештетно да го отстранат.

12. Инфективна анемија кај коњите

Заради утврдување на инфективната анемија кај коњите, во текот на 1996 година ќе се земе крв од една петтина (20%) од сите коњи во општината, во населените места, според планот што ќе го изготви ветеринарната станица.

По исклучок од одредбите од став 1 на оваа точка, преглед по крвта на коњите мора да се врши еднаш годишно во претпријатијата, за одгледување на коњи, приплодни и спортски ергели, во пастуварници, коњички клубови, шумски и други работилишта, од сите пастуви пред нивното лиценцирање и во сите запати каде што има повеќе од 10 коњи.

За природен припуст ќе се користат само лиценцирани пастуви кои не се инфицирани со инфективна анемија кај копитарите, што се докажува со потврда за извршено дијагностичко испитување.

Утврдување, сузбивање и искоренување на инфективната анемија кај копитарите, ќе се врши согласно Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на инфективната анемија кај коњите („Службен лист на СРФЈ“ бр. 39/88).

13. Инфективен бронхит кај живината

Во сите претпријатија што се занимаваат со живинарство, во 1996 година ќе се изврши заштитна вакцинација на подмладокот против инфективниот бронхит, според технолошкиот процес и упатството на производителот на вакцината.

14. Метилавост

Во сите населени места и општествените претпријатија што се занимаваат со сточарство, во кои со лабораториско испитување ќе се утврди метилавост кај овците и говедата, ќе се изврши најмалку двократно третирање против метилавост. Првото тестирање ќе се изврши во текот на пролетта, а второто во текот на есента 1996 година, според планот на ветеринарната станица и ветеринарните служби во претпријатијата што се занимаваат со сточарство.

15. Класична чума кај свињите

Поради неповолната епизоотиолошка состојба, задолжително ќе се врши превентивна вакцинација против класичната чума кај свињите на целата територија на Републиката.

Вакцинација на сите свињи постари од 45 дена кај приватните производители ќе се врши 2 пати годишно и тоа во периодот март-април и септември-октомври, а вакцинацијата на приновениот подмладок, назимките, маторицте и нерезите, кога ќе ги исполнат условите, наведени во упатството на вакцината која се употребува.

Вакцинацијата на свињите во општествените свињарски фарми и приватните свињарски фарми каде има повеќе од 10 свињи ќе се врши периодично и континуирано, според технолошкиот процес и упатството на производителот на вакцината, така да се обезбеди траен имунитет.

Заради сузбивање и искоренување на класичната чума кај свињите ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на класичната чума кај свињите („Сл. лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

16. Краста кај животните

Во населените места и во општествените овчарски фарми, во кои крастата кај овците била утврдена во 1995 година, најдоцна до крајот на април 1996 година, ќе се изврши паразитолошки преглед на овците.

Паразитолошко испитување на заразеност на овците и другите домашни животни со краста ќе се врши и во сите сомнителни случаи.

Заради сузбивање и искоренување на крастата на домашните животни ќе се преземат соодветни ветеринарно-санитарни мерки.

17. Лептоспироза

На дијагностичко испитување на лептоспироза подлежат најмалку еднаш годишно приплодни говеда, приплодни свињи и приплодни коњи во општествена сопственост.

Приплодни говеда, приплодни свињи и приплодни коњи кај индивидуалните сточари подлежат на дијагностичко испитување на лептоспироза најмалку еднаш во три години.

Во 1996 година ќе се зема крв за преглед на лептоспироза од една третина од приплодни говеда, приплодни свињи и приплодни коњи во општината, во населените места, според планот на ветеринарната станица

Во периодот од 1 февруари до 30 јуни 1996 година ќе се зема крв најмалку од 1/2 од вкупниот број на приплодни говеда, свињи и коњи од став 3 на оваа точка а во периодот од 1 септември до 30 ноември 1996 година од втората половина.

Заради сузбивање и искоренување на лептоспироза кај животните, ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на лептоспирозата кај животните („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

18. Заразно пресушување на вимето кај кравите

Во текот на 1996 година ќе се изврши, во растојание од околу 6 месеци, еднократен теренски преглед на пореметување на секрецијата на вимето и еднократен лабораториски преглед на млекото на заразното пресушување на вимето, од сите крави во претпријатијата што се занимаваат со сточарство како и еднократен лабораториски преглед на млекото од сите крави кај индивидуалните сточари кои продаваат млеко за јавна потрошувачка.

19. Инфективен бовин ринотрахеит инфективен пустуларен вулвовагинитис /ИБР/ИПВ/

На дијагностичко испитување на ИБР/ИПВ подлежат еднаш годишно, центарот за вештачко осеменување, сите центри за тестирање на приплодни бикови (тестни станици) и објекти за репродукција (фарми).

Во центарот за вештачко осеменување, испитувањата на ИБР/ИПВ на сите приплодници ќе се изврши до крајот на мај 1996 година. Семето од секој приплодник ќе се испитува најмалку еднаш во три месеци.

Во објектите за репродукција (фармите) до крајот на мај 1996 година, ќе се земе крв од најмалку 20% од вкупниот број на животни за испитување на ИБР/ИПВ.

Заради сузбивање и искоренување на ИБР/ИПВ ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на инфективен бовин ринотрахеит – инфективен пустуларен вулвовагинит („Службен лист на СФРЈ“ бр. 63/89).

20. Заразна кривотница кај овците

Превентивна вакцинација на овците против заразната кривотница ќе се врши во населените места и во општествените овчарски фарми, што се сметаат за загрозени од оваа заразна болест.

21. Заразни и паразитски болести на пчелите

Во периодот до 30 јуни 1996 година ќе се изврши преглед на заразни и паразитски болести кај пчелите (американска чума на пчелиното легло, акароза, ноземоза и варооза), на сите кошници (сандаци) пчели, во претпријатијата што се занимаваат со пчеларство и кај индивидуалните пчелари, во места каде постои индикација или сомневање на заразни односно паразитски болести кај пчелите.

Контролно дијагностичко испитување на американската чума на пчелното легло во сите пчеларници во кои е утврдена таа зараза, ќе се изврши во септември или октомври.

На дијагностичко испитување на акароза, ноземоза и варооза подлежат еднаш годишно, до крајот на април 1996 година сите пчеларници од кои се пуштаат во промет пчелни заедници и пчелни заедници за одгледување на матици.

Заради сузбивање и искоренување на заразни болести на пчелите, ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на заразни болести на пчелите („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

22. Заразни и паразитски болести на рибите

Во текот на 1996 година ќе се извршат најмалку два прегледи на риби од вештачки рибници и вештачки езера а при сомневање на појава на заразни паразитски

болести на рибите, ќе се земе и испрати материјал на лабораториско испитување.

Одгледувалиштата на пастрмки најмалку два пати годишно подлежат на дијагностичко испитување на фурункулоза кај пастрмките. Мострите за лабораториски испитувања се земаат така што едно земање на мострите да се изврши во лето – кога температурата на водата е највисока, а друго во време на мрестењето на пастрмките.

Во летниот период, од секоја категорија пастрмки (освен матици) во одгледувалиштето се зема мостра од 30 живи пастрмки со послаба – кондиција, фатени покрај испустот на базенот, а во сезоната на мрестот мострата ја сочинуваат 10 измрестени матици.

Во рибниците за производство на пастрмки ќе се изврши:

– клиничко и лабораториско испитување на подмладокот до 3 месеци старост и пастрмките постари од три месеци на вртичавост (брливост) кај пастрмките;

– во периодот март-април, вирусолошко испитување на подмладокот а во декември испитување на матичното јато (пастрмки матици) на вирусна хеморагична септикемија кај пастрмките;

– лабораториско (вирусолошко) испитување на подмладокот, во јуни, а матичното јато во декември на појавата на заразната некроза на панкреасот кај пастрмките.

Во сите рибници за производство на крап, во периодот март-април 1996 година, ќе се изврши преглед на здравствената состојба на рибите, заради откривање на појава на пролетната виремија кај крапот (ПВК) а во септември ќе се испитаат на присутноста на антителата на ПВК во матичното јато.

Сузбивање и искоренување на фурункулозата кај пастрмката ќе се врши согласно Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на фурункулозата кај пастрмките („Сл. лист на СФРЈ“ број 72/91).

Сузбивање и искоренување на вртичавоста (брливоста) кај пастрмките ќе се врши согласно Правилникот за мерките за спречување и искоренување на вртичавоста кај пастрмките („Службен лист на СФРЈ“ бр. 72/91).

23. Пироплазмоза

Во периодот од 1 април до 30 септември 1996 година во подрачјата загрозени од пироплазмоза, ќе се изврши најмалку двократно капење со противкрлежни средства на овците и говедата и на сите новонабавени говеда и овци.

24. Тифус и салмонелоза кај пернатата живина

Дијагностичко испитување на тифус кај живината, во јатата на пернатата живина, во 1996 година ќе се врши согласно член 4, 5, 6 и 7 од Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на тифусот кај пернатата живина („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

Дијагностичко испитување на салмонелоза кај живината, во јатата на пернатата живина, во 1996 година ќе се врши согласно член 4 од Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на салмонелоза кај пернатата живина („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

25. Трихомонијаза

Биковите кои се користат за природен јавен припуст, мораат најмалку два пати во текот на 1996 година, лабораториски да се испитаат на трихомонијаза.

Во центарот за вештачко осеменување, биковите кои се користат за добивање на семе за вештачко осеменување, мораат најмалку еднаш годишно да се испитаат на трихомонијаза.

Првиот преглед мора да се изврши пред нивното користење за природен припуст, односно за добивање на семе за вештачко осеменување.

26. Туберкулоза

а) Говеда

За дијагностичко испитување на говедата на туберкулоза подлежат сите говеда што наполниле 3 месеци.

Во претпријатијата што се занимаваат со одгледување на гоење на говеда, ќе се изврши еднократна туберкулинизација во периодот од 1 февруари до 31 мај 1996 година.

Дијагностичко испитување на говедата кај индивидуалните сточари се врши еднаш годишно ако тие говеда се наоѓаат кај сточарите кои стават во промет млеко и млечни производи за исхрана на луѓето.

Ако производителите не стават во промет млеко и млечни производи, ќе се врши туберкулинизација еднаш во три години, односно ќе се врши еднократна туберкулинизација на една третина на говедата кај индивидуалните сточари во општината, во населените места, според планот на ветеринарната станица.

Дијагностичко испитување на туберкулоза на говедата од став 3 и 4 од оваа точка ќе се врши во периодот од 1 февруари до 30 јуни и од 1 септември до 30 ноември 1996 година.

За обновување на матичното стадо можат да се користат говедата кои претходно биле туберкулинизирани и дале негативен резултат на туберкулоза.

б) Свињи

Дијагностичко испитување на свињи на туберкулоза се врши со метод на симултана интрадермална туберкулинизација, со авијарен и бовин стандарден туберкулин.

Туберкулинизација на сите приплодни свињи и свињите за приплод наменети за продажба, со наполнети четири месеци, се врши еднаш годишно најкасно до крајот на октомври 1996 година.

Заради сузбивање и искоренување на туберкулозата кај говедата и свињите ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на туберкулозата кај животните („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/89 и 53/90).

27. Црвеница (црвен ветер) кај свињите

Превентивна вакцинација на свињите против црвеницата, во зависност од епизоотиолошката состојба, ќе се врши во населените места и во општествените свињарски фарми што се сметаат за загрозени од оваа заразна болест.

28. Шушкавец

Во сите дистрикти на шушкавецот (подрачјето во кое во последните 5 години е установен шушкавец) превентивна вакцинација на говедата ќе се изврши во периодот од 1 април до 31 мај 1996 година според упатството на производителот на вакцината.

Животните кои во пропишаниот рок од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација како и подмладокот кој ќе се прибави подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат пропишаните услови.

Превентивна вакцинација на говедата против шушкавецот ќе се изврши во сите претпријатија што се занимаваат со сточарство и се снабдуваат со фураж однадвор ако фуражот потекнува од дистрикт на шушкавецот, односно не се знае неговото потекло.

Заради сузбивањето и искоренувањето на шушкавецот се применуваат соодветни ветеринарно санитарни мерки.

III

Утврдувањето на болестите од дел I на оваа наредба, со исклучок на туберкулозата, се врши врз основа на лабораториски наод во една од овластените ветеринарно-дијагностички организации во земјата.

IV

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1996 година.

Број 11-9015/1
30 ноември 1995 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
д-р **Иван Ангелов**, с.р.

1593.

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на РМ“, бр. 5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност, донесена на седницата одржана на 24.11.1995 година, Комисијата издава

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На Комерцијално инвестициона банка а.д. – Куманово ѝ се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност-втора емисија на акции во вредност од 3.000.000 ДЕМ или во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на 24.11.1995 година во износ од 79.450.000,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвидени со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-97/1
27 ноември 1995 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

1594.

Врз основа на членовите 1,2,5,9,12,16 и 17 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“, бр. 40/87), член 1 од Законот за изменување на Законот за републичките награди („Сл. весник на СРМ“, бр. 38/89) и членовите 6,7,8,9,21 и 23 од Правилникот за работа на Одборот за доделување на наградите „Климент Охридски“, Одборот за наградата „Климент Охридски“ на седницата одржана на 29 ноември 1995 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО 1995 ГОДИНА, ЗА ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ ОСТВАРУВАЊА ВО КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА, ОБРАЗОВАНИЕТО И ЗДРАВСТВОТО

I. За особено значајни остварувања постигнати во културата, уметноста, образованието и здравството, наградата се доделува на:

А. ПОЕДИНЦИ:

1. Сенко Велинов – актер, Скопје, за постигања во областа на културата и уметноста;

2. Д-р Васил Тоциновски – писател, книжевен критичар, Скопје, за постигања во областа на културата и уметноста;

3. Благој Цанев – педагог и композитор, Скопје, за постигања во областа на образованието и културата;

Б. ИНСТИТУЦИИ:

1. Македонско лекарско друштво, Скопје, за постигања во областа на здравството и социјалната политика;

2. Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски“, Скопје, за постигања во областа на образованието и културата;

II. На наградените им се доделува:

– на поединец: диплома и паричен износ во висина од 5 (пет) просечни плати исплатени во стопанството на Република Македонија во последните три месеци на 1995 година.

– на организација: диплома и плакета.

III. Согласно со член 15 од Законот за републичките награди оваа одлука да се објави во „Службен весник на Република Македонија“, преку печатот и другите средства за јавно информирање.

Претседател на Одборот,
проф. д-р **Бојан Шоптрајанов**, с. р.

1595.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ“ бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Ивањевци – Општина Битола.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Од денот на применувањето на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 10-2800
6 декември 1995 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Димитар Цонов**, с.р.

1596.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ“ бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина град Свети Николе – Општина Свети Николе.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Од денот на применувањето на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 10-2801
6 декември 1995 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Димитар Цонов**, с.р.

1597.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Вашарејца – Општина Битола.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Од денот на применувањето на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 10-2802
6 декември 1995 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Димитар Џонов**, с.р.

1598.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина 'Ракитница – Општина Демир Хисар.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Од денот на применувањето на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 10-2803
6 декември 1995 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Димитар Џонов**, с.р.

1599.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Крклја – Општина Крива Паланка.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија"

Од денот на применувањето на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 10-2804
6 декември 1995 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Димитар Џонов**, с.р.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

1600.

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Вардино – Општина Демир Хисар.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Од денот на применувањето на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 10-2805
6 декември 1995 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Димитар Џонов**, с.р.

1601.

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на РМ" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

РЕШЕНИЕ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Жидилово – Општина Крива Паланка.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Од денот на применувањето на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Сл. весник на РМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 10-2806
6 декември 1995 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Димитар Џонов**, с.р.

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 52/95) се направени грешки, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во членот 1 во последниот ред наместо зборот „на" треба да стои зборот „за".

Во членот 46 став 4 по зборот „Владата" се додаваат зборовите „на Република Македонија".

Во членот 62 став 1, точка г) наместо зборот „даноци" треба да стои зборот „донации".

Број 13-3835/2
28 ноември 1995 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија

ОПШТИ АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

63.

Врз основа на член 163, а во врска со став 7, 8, 9 и 10 на член 180 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 80/93 и 14/95), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 1995 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОСНОВИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ 1995 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците на осигурување според кои се пресметува и плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за обврзниците на данок од приход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање (во натамошниот текст: индивидуални земјоделци).

Член 2

Индивидуалните земјоделци, заради пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, се разврстуваат во основици на осигурување според висината на катастарскиот приход и тоа:

Ред. бр.	Катастарски приход во денари	Месечна основица на осигурување
1.	до 400,00	2.604,00
2.	од 400,01 до 900,00	3.682,00
3.	од 900,01 до 2000,00	4.734,00
4.	од 2000,01 до 4500,00	5.259,00
5	од 4500,01 до 7000,00	5 785,00
6.	над 7000,01	6 312,00

Член 3

Индивидуалните земјоделци можат по сопствен избор да се определат да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување на повисока основица на осигурување.

Индивидуалните земјоделци кои се определиле да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување на повисока основица на осигурување должни се до 31 март во тековната година да поднесат писмено барање до органот за јавни приходи на општината.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 октомври заклучно со декември 1995 година.

Бр. 08-4989
30 ноември 1995 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
Ѓорѓи Атанасов, с.р.

64.

Врз основа на став 1 од точка 1 на член 163 и член 138 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 80/93 и 14/95), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 1995 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ОБРАБОТКА, КОРИСТЕЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ВО ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на обработката, користењето и заштитата на податоците во информационио систем на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 2

Обработката на податоците опфаќа интерактивен внос на податоците од со закон пропишаните пријави за водење на матичната евиденција, на магнетни медиуми и организирање на податоците во соодветни датотеки или бази на податоците заради нивно користење.

Користењето на податоците го опфаќа селекционио и ефикасен пристап до организираните податоци и информации при остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување и спроведување на осигурувањето.

Заштитата на обработените податоци опфаќа обезбедување на податоците од уништување, неосновано изменување и неовластено користење.

Член 3

Работите од членот 2 на овој правилник ги извршуваат работници на Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фондот), определени со Одлуката за организација на работата и систематизација на работните места во Стручната служба на Фондот.

За начинот на обработката, користењето и заштитата на податоците утврдени и преземени во матичната евиденција за определени категории на осигуреници одлучува директорот на Фондот.

Член 4

Интерактивниот внос на утврдените податоци од матичната евиденција во информационио систем на Фондот се врши во подрачните единици и во Централата на Стручната служба на Фондот.

За извршување на работата од став 1 на овој член се користи компјутерско-комуникациона опрема и кодекс на определени шифри за работа.

Член 5

Организирањето на податоците во соодветни датотеки и бази на податоци во информационио систем на Фондот се врши според подготвени програми и дефинирани контроли.

За извршување на работите од став 1 на овој член се користат лозинки за работа.

Член 6

За извршената работа за секој работник кој е задолжен за извршување на работите од членовите 4 и 5 на овој правилник се регистрира запис според определената шифра и лозинка.

Член 7

Користењето на податоците од информационио систем на Фондот во остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување, за спроведување на осигурувањето и други потреби се врши според подготвени програми од упатствата за работа и технички упатства за примена на компјутерско-комуникационата опрема.

Налог за користење на податоците и информациите за други потреби даваат овластени работници на Фондот.

Користењето на податоците од став 1 на овој член се врши со определени шифри и лозинки за работа.

Член 8

Заштита на податоците од уништување поради елементарни непогоди или хаварија на комуникационо-компјутерската опрема се врши со архивирање на обработените податоци на магнетни медиуми еднаш годишно и нивно чување на локација надвор од локацијата на техничката основа на информационио систем на Фондот.

Член 9

Заштита на податоците од уништување поради дефект на магнетните медиуми се врши со копирање на податоците на ленти и касети еднаш месечно и чување на податоците најмалку за три месеци наназад.

Член 10

Заштита на податоците од уништување при нивната обработка и ажурирање се врши со архивирање на влезните податоци кои вршат промени на податоците организирани во соодветни датотеки и бази на податоци.

Член 11

Заштита на обработените податоци од неоснована измена се обезбедува со воспоставени логични контроли, дефинирани шифри, лозинки и запис на податоците пред и по извршената работа.

Член 12

Заштита на обработените податоци од неовластено користење се обезбедува со доделените шифри, лозинки и организација на селективен пристап до податоците според видот на работите кои се извршуваат.

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-4990
30 ноември 1995 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
Ѓорѓи Атанасов, с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I – СКОПЈЕ

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Јакупи Сакип од с. Сарај – Скопје, против тужената Јакупи Далип Шадије, со непозната адеса на живеење.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините во град Скопје бр. 3011-2378 од 05.IX.1995 година, за привремен старател на тужената е поставена Огњаноска Наташа, адвокат од Скопје која ќе го застапува туженият сè до неговото јавување во судот.

Од Општинскиот суд Скопје I – Скопје, XV П. бр. 2557/95. (535)

Пред Општинскиот суд Скопје I – Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Марија Илкова, ул. „Коста Новаковиќ" бр. 44/3-13 – Скопје, против туженият Кирил Илков од Благоевград со непозната адреса на живеење.

Согласно член 84, став 1, точка 4 од Законот за процесна постапка, за привремен застапник на туженият, а со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје е определен адвокатот Мирјана Вучетиќ, ул. „Пајко Маало", бр. 6. Времениот застапник ќе го застапува туженият се до неговото јавување во постапката.

Од Општинскиот суд Скопје I – Скопје, XXI. П.бр. 3398/95. (539)

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II – СКОПЈЕ

Општинскиот суд Скопје II – Скопје, поведе спор за развод на брак по тужбата на тужителот Јашар Кадри од Скопје, ул. „Овчеполска" бр. 3, против тужената Џана Кадри од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините на град Скопје, бр. 3011-2601 од 20.X.1995 година, за привремен старател на Џана Кадри од Скопје, е поставена Слободанка Хаџи Христова, адвокат од Скопје, ул. „Орце Николов" бр. 162-а, која ќе ја застапува тужената пред судот и ќе ги штити нејзините интереси во постапката до правосилното окончување на постапката или додека тужената односно нејзиниот полномошник не се појават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II – Скопје, IV П. бр. 3275/95. (529)

Општинскиот суд Скопје II – Скопје, поведе постапка за утврдување право на сопственост на недвижен имот на тужителот Љатифов Феими од Скопје, застапуван од адвокатот Љубобрат Додев од Скопје, против тужената Милка Зечевиќ од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Со решението на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Општините на град Скопје, бр. 1011-1800 од 23.V.1995 година, за привремен старател на тужената Милка Зечевиќ од Скопје, е поставен Владимир Д. Туфегџиќ, адвокат од Скопје кој ќе застапува тужената до правосилното окончување на спорот односно додека тужената или нејзиниот полномошник не се јават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II – Скопје, IV П.бр. 1874/94. (530)

Пред овој суд се води граѓански спор за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителот Крстевски Славко од Скопје, против тужената Клинчарова Лилјана со непозната адреса.

Се повикува тужената Клинчарова Лилјана да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас или да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужената не постапи полномошник по налог на овој суд ќе и биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси до правосилното окончување на оваа постапка.

Од Општинскиот суд Скопје II – Скопје, V.П.бр. 3779/95. (534)

Пред Општинскиот суд Скопје II – Скопје заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Благица Недељковиќ од Скопје, ул. „Методија Патчев" бр. 38, против Миливоје Недељковиќ со непознато место на живеење.

Се повикува туженият Миливоје Недељковиќ да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во овој суд и да достави сегашна адреса на живеење. Во спротивно, ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II – Скопје, XI.П.бр. 3743/95. (540)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Општинскиот суд во Гостивар се води граѓански спор за сопственост по основ на наследство и издршка, по тужбата на тужителите Фетаи Менсур од с. Вруток, гостиварско, Фетаи Ќерамедин, Фетаи Нџати и Фетаи Рами, сите тројца од Гостивар, против тужените Демири Фекрије, Јонузи Лулјета и Сулејмани Џумали сите од с. Вруток, и Куртиши Дурмиша Абдулбари од с. Дебреше, а сега со непозната адреса во Сараево, Р. БиХ, Куртиши Умурли и Мемеди Нецбедин, двајцата од с. Дебреше. Вредност на спорот неопределена.

На тужените Сулејмани Џумели од с. Вруток, со непозната адреса и на Куртиши Дурмиша Абдулбари од Сараево, Р. БиХ, со непозната адреса, им се поставува привремен застапник и тоа лицето Фазлиу Имер, дипломиран правник од Гостивар и стручен соработник при овој суд, кој ќе ги застапува интересите на тужените се додека тужените Џумали И. Абдулбари, или нивни полномошник или застапник не се јават пред судот односно се додека органот за старателство не им назначи старател.

Од Општинскиот суд – Гостивар, П.бр. 1253/95. (536)

Пред овој суд е во тек постапката за докажување смртта на лицето Сефери Сефер од с. Шипковица.

Се повикува Сефери Сефер од с. Шипковица – Тетовско, роден на 3.I.1907 година или било кое друго лице кое нешто знае за лицето Сефери Сефер, да се јават во просториите на Општинскиот суд од Тетово, во период од 15 дена по објавувањето на огласот.

Од Општинскиот суд – Тетово, Р.бр. 640/95. (538)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка поради исполнување на договор по тужбата на тужителот Трпковски Јошко Слафко од с. Теарце – Тетовско, против туженот Трпковски Ристов Ќирко од с. Теарце, а сега со непозната адреса во Бугарија. Вредност на спорот 10.000 денари.

Се повикува тужениот Трпковски Ристо Ќирко од с. Теарце, а сега со непозната адреса во Бугарија, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот или да одреди свој полномошник. По истекот на овој рок на истиот ќе му биде поставен привремен старател преку Центарот за социјална работа – Тетово, кој ќе ги застапува неговите интереси се до окончувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 1733/95. (531)

Пред овој суд се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Глишовски Борислав од с. Блаце, против тужената Анѓелковска Крстана од Белград и Јовановски Бранко од Нова Пазова со непозната адреса.

Се повикуваат тужените да се јават пред Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, да достават своја адреса или одредат свој полномошник, во спротивно, ќе им биде одреден привремен старател кој ќе ги штити нивните права и интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 1628/95. (532)

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Салихи Рахиме од Ново Село II – Тетовско, против тужениот Салихи Џеладин, од с. Ново Село II, а сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужениот Салихи Џеладин од с. Ново Село II, да се јави пред Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, да достави своја адреса или одреди свој полномошник, во спротивно, ќе му биде определен привремен старател кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 1488/95. (533)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за исполнување на договор по тужбата на тужителот Садики Нуриман од с. Порој, против тужениот Идризи Рамиз Идриз од с. Порој, сега со непозната адреса во Швајцарија.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена сметано по објавувањето на огласот во судот, достави точна адреса или да одреди полномошник кој ќе ги застапува во постапката по овој предмет. По истекот на овој рок, судот на туженият ќе му постави привремен старател пред ЦСР-Тетово кој ќе ги штити неговите права и интереси.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 1661/95. (537)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег бр 9924/95, на регистарска влошка бр. 1-64208-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за производство, промет и услуги „ЕВРО МОНД“ д.о.о. „Челопек“ 63-а, Скопје.

Основач на претпријатието е Идавер Рамизи.

Дејности: 050301, 050302, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 0711, 070111, 070112, 070113, 070114, 07012, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070140, 070150, 07021, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 07022, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080190, 080201, 080202, 090160, 110303, 110309, 110402, 110403, 110404, 070310, 070320, реекспорт, превоз на стоки во меѓународниот транспорт и шпедиција.

Неограничено овластување. Целосна одговорност

Овластено лице Идавер Рамизи, директор без ограничување

Овластено лице во надворешно-трговскиот промет е Идавер Рамизи, директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр 9924/95 (10744)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег бр 10786/95, на регистарска влошка бр 1-50116-0-0-0 го запиша во судскиот регистар истапувањето на основач на Авто школата „ЦОБЕ“ ц.о о ул „Петар Ацев“ бр. 1, Скопје

Од Авто школата „ЦОБЕ“ д о.о. Скопје, истапува лицето Зафиров Кире од Скопје, со стан на ул. „Петар Ацев“ бр 1, од Скопје основач, на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр 10786/95 (10745)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 10142/95, на регистарска влошка бр. 1-63948-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето во приватна сопственост на Претпријатието за производство, трговија, угостителство и туризам „ПАРАДИЕСКОМ“ ц.о. експорт-импорт, с. Опае, Куманово.

Претпријатието е основано со одлука за основање бр. 1/95 од 15.08.1995 година, а основач е Ибрахим Етеми.

Дејности: 011320, 011420, 011522, 011527, 011722, 011741, 011742, 011743, 110309, 011749, 011791, 011820, 011941, 011799, 011312, 012130, 012120, 012611, 012622, 012810, 012820, 012830, 012322, 012901, 013122, 012901, 013122, 013200, 013030, 013042, 013050, 013121, 013400, 020140, 050100, 050201, 050209, 050301, 050302, 060501, 060502, 060601, 060602, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070221, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070129, 070131, 070132, 070222, 070223, 070224, 070225, 070227, 070140, 070150, 070230, 070240, 070250, 080112, 080121, 080190, 080202, 080201, 090121, 110301, 110109, 110909, 110404, 070310, 070320, малограничен промет со Албанија, Грција, Бугарија, меѓународен транспорт на стоки, меѓународна шпедиција, реекспорт на стоки, застапување на странски фирми, слободни царински продавници, привремен увоз-извоз на стоки, продажба на стоки од консигнациони складишта.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските преземени во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување на претпријатието во внатрешен и надворешен промет е Ибрахим Етеми, директор без ограничување во овластувањата.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 10142/95. (10729)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 10835/95, на регистарска влошка бр. 1-64301-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето на Приватно трговско претпријатие „ЕНСАР КОМПАНИ“ д.о.о. експорт-импорт Тетово, ул. „Ј. Златановски“ бр. 87.

Дејности: 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 060609, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070230, 070240, 070250, 070260, 080119, 080121, 080129, 080190, 080201, 080202, 110309, 110909, 070310, 070320, застапување на странски фирми и реекспорт, малограничен промет со сите соседни земји, угостителски туристички услуги, комисиони работи во областа на прометот, агенциски услуги во транспортот.

Претпријатието во надворешно трговскиот промет настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските претпријатието одговара со сите свои средства

Директор на претпријатието е Али Ријад со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 10835/95. (10730)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 10781/95, на регистарска влошка бр. 1-64249-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето во приватна сопственост на Претпријатието за производство, промет и услуги „МАЦТРЕНД" д.о.о. експорт-импорт Скопје, ул. „Никола Карев" бр. 2, н. Илинден, Скопје.

Претпријатието е основано со акт за основање бр. 1 од 12.09.1995 год., а основач е Георгиевски Марјан, мат. бр. 1307971450055, УВР Скопје.

Дејности: 011941, 011949, 012421, 012429, 013021, 013022, 013030, 013041, 013042, 013043, 013050, 013099, 013121, 013122, 013200, 013400, 013500, 020140, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 07011, 070111, 070112, 070113, 070114, 07012, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 07013, 070131, 070132, 070140, 070150, 07021, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 07022, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 08011, 080111, 080112, 080113, 080114, 080119, 08012, 080121, 080122, 080129, 080190, 080201, 080202, 090121, 090171, 090172, 090179, 090181, 090183, 090189, 090209, 110109, 110301, 110302, 110303, 110304, 110309, 110401, 110402, 110403, 110404, 110620, 110901, 110902, 110903, 110905, 110909, 070310, 070320, застапување и посредување во прометот со стоки и услуги, меѓународна шпедиција, реекспорт, консигнација, меѓународен транспорт на стоки и превоз на патници и малограничен промет со сите соседни земји.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка.

Во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување на претпријатието во внатрешниот и надворешниот промет е Георгиевски Марјан, директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 10781/95.

(10731)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 10505/95, на регистарска влошка бр. 1-64134-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето на „ТОМОС-КОМЕРЦ" д.о.о. увоз-извоз производно трговско услужно претпријатие на мало и големо Скопје, ул. „Лисец" бр. 96.

Претпријатието е основано со акт за основање од 04.09.1995 година, а основач е Томе Николовски од Скопје.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070140, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070250, 070260, 080201, 070310, 070320, 080201, 080202, 080112, 080121, 080122, 080123, 080129, 080190, 050301, 011312, 011314, 011390, 020129, 012002, 060601, 060602, 060501, 110909, 110309.

